РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР
бр. 08 - 533/13
26. 06. 2026 год.
ДЕМИР ХИСАР

Врз основа на член 50 став 13 и 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 11 став 13 од Законот за пожарникараството („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016, 168/2017 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/2019), член 17 став 2 од Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Демир Хисар бр.08-1241/1 од 29.09.2022 година и Записникот со конечната ранг листа од Комисијата за селекција по Јавен оглас за вработување на неопрепределено време на овластени службеници во областа на безбедноста со бр. 08-533/12 од 26.06.2026 година, Градоначалникот на Општина Демир Хисар ја донесе следната:

ОДЛУКА

за избор на кандидати за вработување на неопределено време на овластени службени лица во областа на безбедноста за работните места Пожарникар спасител-водач на група и Пожарникар спасител во ТППЕ Демир Хисар при Општина Демир Хисар

1. Градоначалникот на Општина Демир Хисар, по спроведената постапка по Јавен оглас број 01/2026 со архивски број 08-533/1 од 05.06.2026 година, објавен на 08.06.2025 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, за вработување на неопределено работно време на овластени службени лица во областа на безбедноста-професионални пожарникари во Територијалната противпожарна единица при Општина Демир Хисар, за следните работни места:

-Пожарникар спасител-водич на група во Територијалната противпожарна единица во Општина Демир Хисар, шифра ПОЖ0210В02000- 1 извршител и

-Пожарникар спасител, шифра ПОЖ0210В04000 во Територијалната противпожарна единица во Општина Демир Хисар – 2 извршители,

изврши избор на следниве најдобро рангирани кандидати:

а) За работното место Пожарникар спасител водич на група, со шифра ПОЖ0210В02000, еден извршител, се избира кандидатот Тони Бојаџиев,

б) За работото место Пожарникар спасител, со шифра ПОЖ0210В04000, двајца извршители, се избираат кандидатите Зоран Радовски и Дејан Миноски.

2. Врз основа на оваа Одлука, со избраните кандидати од точка 1 од оваа Одлука, ќе се склучи договор за вработување на неопределено време, по нејзината конечност.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, истиот ден ќе се објави на интернет страницата на општината и ќе се достави до избраните кандидати.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Градоначалникот на Општина Демир Хисар, објави Јавен оглас број 01/2026 со архивски број 08-533/1 од 05.06.2026 година, објавен на 08.06.2026 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, за вработување на

неопределено работно време на овластени службени лица во областа на безбедноста-професионални пожарникари во Територијалната противпожарна единица при Општина Демир Хисар за тројца извршители и тоа Пожарникар спасител-водич на група-1 извршител и Пожарникар спасител-2 извршители.

На јавниот оглас се јавија тројца кандидати.

Комисијата за селекција, формирана од Градоначалникот на Општина Демир Хисар со архивски број 08-533/3 од 08.06.2026 година, ја спроведе постапката по пристигнатите пријави по огласот во три фази на селекција и до Градоначалникот на Општина Демир Хисар достави Записник со конечна ранг-листа со архивски бр.08-533/12 од 26.06.2026 година.

Врз основа на доставениот Записник со конечна ранг листа а согласно член 50 став 13 и 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 11 став 13 од Законот за пожарникарството („Службен Весник на Република Македонија" бр. 67/2004, 81/2007, 55/2013, 158/2014, 193/2015, 39/2016, 168/2017 и „Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 152/2019) и член 17 став 2 од Правилникот за критериумите за селекција на кандидати за вработување во ТППЕ Демир Хисар бр.08-1241/1 од 29.09.2022 година Градоначалникот изврши избор на тројцата кандидати и донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Градоначалникот на Општина Демир Хисар во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на интернет страницата на Општина Демир Хисар.

Доставено до:

-Одддлени за управување со човечки ресури

-Списи и архива

-Избраните кандидати

Општина Демир Хисар

Градоначалник,

Никола Најдовски